# ДОДАТОК XI

# ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

**Друштво за рециклирање на хартија и**

**остатоци од хартија „ПЕЈПАР МИЛ“ ДОО Кочани**

**Барање за А - интегрирана еколошка дозвола**

**ДОДАТОК XI**

**ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ**

## СОДРЖИНА

ДОДАТОК XI - ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ ........................................................ 1

XI.1. Вовед ........................................................................................................ 3

XI.2. Програма за подобрување на животната средина ........................................ 3

XI.2.1. Воведување на Систем за управување со животна средина ISO 14001:2015 ........................................................................................ 3

XI.2.2. Спроведување на Енергетски аудит ................................................ 4

XI.2.3. Изградба на постројка за третман на отпадни води ............................. 5

XI.2.4. Финансиски импликации од спроведување на активностите за подобрување ............................................................................................ 5

### XI.1. Вовед

Инсталацијата “Пејпар Мил” континуирано и посветено работи на заштита на животната средина и безбедноста на работниците преку планирање на активности кои ќе ги спроведе со однапред предвидена динамика.

### XI.2. Програма за подобрување на животната средина

Програмата за подобрување на животната средина на инсталацијата „Пејпар Мил“ ДОО Кочани е во насока на исполнување на целите на заштита и истата ги опфаќа следните активности:

#### XI.2.1. Воведување на Систем за управување со животна средина ISO 14001:2015

| Ред. Бр. | Активност | Период на реализација |
|---|---|---|
| 1 | Воведување на Систем за управување со животна средина ISO 14001:2015<br>*Опис на активноста:*<br>Идентификување на аспектите на животната средина во соодност со производството и вреднување на нивното влијание врз елементите на животната средина, дефинирање на Политика за животната средина со дефинирање на квантитативни цели и задачи кои треба да се исполнат, како и одговорности на лицата кои ќе бидат задолжени за нивно спроведување, развивање на интерни критериуми – индикатори за следење на достигнувањата на поставените цели за животна средина, развивање на процедури за зајакнување на капацитетите на сите вработени во поглед на постигнување на целите за заштита на животната средина, спроведување на обуки за вработените.<br>*Цел на активноста:*<br>Целта на ISO 14001:2015 е управување со влијанијата врз животната средина, кои се создаваат при реализација на работните процеси во една Организација. Со имплементација на ISO 14001:2015, се утврдува кои од работните процеси во Организацијата ја загадуваат животната средина, се идентификуваат реални цели и се превземаат мерки за остварување на целите за заштита на животната средина.<br>*Придобивка:*<br>• унапредување на односите со јавните служби, службите за надзор на заштита на животната средина и локалните заедници; | 2018 година |

| Ред. Бр. | Активност | Период на реализација |
|---|---|---|
| | • рано препознавање на проблемите од областа на животната средина;<br>• транспарентност на организацијата;<br>• задоволување на законските прописи и други барања;<br>• потврда за определба на организацијата кон заштитата на животната средина;<br>• намалување на ризикот за доведување до еколошка катастрофа.<br>*Период на реализација:*<br>Почеток на 2019 година | |

### XI.2.2. Спроведување на Енергетски аудит

| Ред. Бр. | Активност | Период на реализација |
|---|---|---|
| 2 | Спроведување на Енергетски аудит<br>*Опис на активноста:*<br>Оценка на состојбата со потрошувачка на енергија и енергенси, идентификација на главните извори на енергија, нивната потрошувачка, загуба на енергија, нејзино рационално искористување, воведување на мерки за заштеда на енергија во процесите.<br>*Цел на активноста:*<br>Целта на оваа оценка на состојбата е да се направи анализа на постојната состојба во однос на потрошувачката на енергија во сите објекти на “Пејпар Мил”, како и да се предложат енергетски мерки кои ќе допринесат за заштеда на енергија.<br>*Придобивка:*<br>Заштеда на енергија во сите сегменти на работење на инсталацијата. Намалување на трошоците на инсталацијата за набавка на енергенси.<br>*Период на реализација:*<br>2019 година | 2019 година |

### XI.2.3. Изградба на постројка за третман на отпадни води

| Ред. Бр. | Активност | Период на реализација |
|---|---|---|
| 3 | Изградба на постројка за третман на отпадни води<br>*Опис на активноста:*<br>Изградба на пречистителна станица за технолошките води кои се создаваат од производниот процес во инсталацијата "Пејпар Мил".<br>*Цел на активноста:*<br>Добивање на соодветен квалитет на отпадна вода согласно национално законодавство и НДТ од индустријата за производство на пулпа, хартија и картон.<br>*Придобивка:*<br>Прочистена отпадна вода која со помало оптоварување ќе се испушта во канализационен систем.<br>*Период на реализација:*<br>Втора половина на 2017 година | Втора половина на 2017 година |

### XI.2.4. Финансиски импликации од спроведување на активностите за подобрување

Во следната табела се прикажани финансиските импликации од спроведување на активностите предвидени со Програмата за подобрување.

| Бр. | Тип на активност | Потребни финансиски средства (еуро) |
|---|---|---|
| 1 | Воведување на Систем за управување со животна средина ISO 14001:2015 | **10.000** |
| 2 | Спроведување на Енергетски аудит | **8.000** |
| 3 | Изградба на постројка за третман на отпадни води и трошоци поврзани со првата година од работењето на истата | **350.000** |
| | Вкупно | **368.000** |